Македонска асоцијација на новинари
Macedonian Association of Journalist

Македонската асоцијација на новинари МАН остро ја осудува последната желба за ликвидација од новинарката која посака смрт за колегата Горан Момироски.

-Независно од психолошките мотиви на провладината новинарка на сајтот "Независен" Слободанка Јовановска, таа со оваа своја објава на социјалните мрежи, директно преку компјутерски систем повикува на ликвидација на независен новинар, што само по себе е закана по животот и безбедноста на Горан Момироски.

Точно е дека Јовановска има блиски релации со врвни функционери во власта, а нејзината порака да го снема Момироски може да го поттикне било кого од нејзините следбеници и поддржувачи на СДСМ да преземат насилни чекори против Момироски.

Затоа, МАН смета дека оваа порака од Јовановска, е порака од владеачката СДСМ да се пресмета со сите независни новинари кои известуваат за криминалот и корупцијата во власта, што е пракса преку правосудниот систем и цензорите на социјалните мрежи во изминатите 7 години.

Да потсетиме, под кривичен прогон од разни основи се над 80 независни, професионални медиумски работници кои објавуваат афери за криминалот и корупцијата на власта.

Провладините цензори на социјалните мрежи досега немаат ниту една пријава, блокада на владините, провладините активисти и апологети на власта за било која закана која ја имаат упатено до независните и професионални медиуми и новинари.

МАН ќе биде пријатно изненадена ако јавното обвинителство и МВР по службена должност преземат мерки против Јовановска, бидејќи врз основа на повеќегодишната пракса, тоа досега не е случај и со многу други претходни директни и јавни закани упатени до независните новинари од видни функционери на СДСМ, членови и симпатизери на власта.

- Очигледно е дека организациите во чие основање и работење учествувал колегата Момироски, без неговиот ангажман даваат резултат кој во последните 7 години е целосно поразителен за новинарството како професија. Ја поздравуваме смирената и разумна реакција на почитуваниот колега Момироски, кој иако не е член на МАН, има отворена покана да се придружи на МАН и вистински заеднички да работиме за заштита на новинарите и медиумските реформи.

МАН ќе продолжи со своите напори за законски реформи кои ќе овозможат поголема заштита на новинарите од секој вид на закани, бидејќи тоа е единствениот цивилизиран, етички, законски и Уставен начин на делување.

09 август 2023 МАН, Македонска асоцијација на новинари

Скопје,